РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-885/3

27-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 68-та седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-885/1 од 23.02.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-885 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-885/1 од 23.02.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнеени наводи со кои подносителот ја оспрорува пресудата на Апелациониот суд во Гостивар заведена под /// број /// година од /// година, од суштинско-правен, формално-правен и материјално-правен аспект. Пријавата е надополнета на ден 03.03.2021 година. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК, по службена должност, изврши увид на веб страната www.sud.mk од каде

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

утврди дека горе означената судска одлука е укината со Решение на Врховниот суд на Република Северна Македонија, заведено под /// број /// од /// година, донесено по повод изјавена ревизија од подносителот. Со увидот во истото, ДКСК констатира дека горе означената судска одлука била укината поради сторени суштествени повреди на одредбите во второстепената судска постапка, погрешна примена на материјалното право и нецелосно утврдена фактичка состојба. Врховниот суд на Република Северна Македонија, дал јасни насоки по кои треба да постапува Апелациониот суд во Гостивар во повторената постапка, од каде произлезе дека наводите на подносителот за овој конкретен случај останале беспредметни.

Согласно погоре наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: м-р Д. Д.